РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: | 02.10.2008 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6523 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот ***ориентација и мобилност*** за I одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**
**ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО**
**ОШТЕТЕН ВИД**

# ОРИЕНТАЦИЈА И МОБИЛНОСТ

**ДЕВЕТГОДИШНО**
**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## I ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, мај 2008

# 1. ВОВЕД

Предметот ориентација и мобилност има значајно место во воспитно-образовниот процес во основното образование за учениците со оштетен вид. Програмата по ориентација и мобилност во процесот на наставата со учениците со оштетен вид се реализира со посебни содржини, вежби и игри кои физички го активираат локомоторниот апарат и директно влијаат врз симетричниот и правилен раст и развој на ученикот, ја подобрува неговата физичката способност и здравјето и го поттикнуваат на здрав начин на живот. Планираните активности од оваа програма го поттикнуваат и развиваат когнитивниот, психомоторниот, емоционалниот и социјалниот развој на ученикот. Ограничените локомоторни искуства кај децата со оштетен вид, недоволно диференцираните движења, несигурноста и слаботo кочење, периодичното емоционално изразување и отсуството на видната контрола на движењата придонесува да се истакнат како приоритети во наставата по предметот ориентација и мобилност за стекнување на моторно искуство и формирање на основните навики за движења неопходни во секојдневнбиот живот на слепите и слабовидни ученици. Активностите од оваа програма треба да бидат насочени и кон отстранување на стереотипните движења кои се јавуваат поради ограниченото моторно искуство (манириизми, блиндизми, ротацизми).

Освен редовно изведување на вежбите за успешна ориентација во микро и макропросторот, предметот ориентација и мобилност е од посебна важност и е во функција на успешно реализирање на целокупниот воспитно-образовен процес како и во текот на натамошното образование и нивниот живот.

Предметот ориентација и мобилност во просторот е задолжителен и се реализира со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ВО РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да ја развива способноста за ориентација во микро и макропросторот;
- да ги развива моторичките вештини;
- да се поттикнува да ги развива сензорните и психомоторните способности кои придонесуваат за осознавање на светот што го окружува;
- да да се здобие со правилни, јасни и адекватни претстави за предметите и појавите во просторот;
- да го коригира неправилното држење на телото;
- да се оспособува правилно да ги користи остатоците на видот во процесот на оспособување за ориентирање и движење во просторот;
- да ја спречи појавата на маниризми (стереотипни моторни движења) и нивно ублажување;
- да се стекне со сигурност во сопствените движења и да го надмине стравот од движење;
- да развива техники за самостојно и безбедно движење;
- да развива навики за користење на тифлотехничките помагала за ориентирање во просторот.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособува за правилно држење на телото, горните и долните екстремитети преку соодветни вежби;
- да се оспособи за воспоставување рамнотежа при промените на тежиштето на телото;
- да развива правилни и адекватни претстави за предметите и појавите во просторот што го окружува;
- да се оспособува правилно да ги користи остатоците на видот;
- да се оспособува за тактилна, аудитивна, визуелна, олфакторна, кинестетичка и проприоцептивна перцепција на предметите во микро и макро просторот;
- да се стимулира да стекне сигурност во движењето;
- да формира основни навики за движења неопходни во секојдневниот живот;
- да го коригира неправилното држење на телото и да ја спречува појавата на манииризми и/или нивно ублажување;
- да развива навики за користење на тифлотехничките средства и помагала за ориентација и движење во просторот.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА 1: ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИТЕ ВО БЛИСКАТА ОКОЛИНА И ОДНОСОТ МЕЃУ НИВ СО УЧЕСТВО НА СИТЕ СЕТИЛА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да разликува и именува основни бои;<br>- да фиксира и следи објект во движење;<br>- да перципира и препознава едноставни слики и форми;<br>- да развива визуелна контрола на различни моторни активности;<br>-да слуша и препознава звуци во природата и непосредната околина;<br>- да идентификува различни звуци;<br>- да се оспособува за диференцијација и класификација на звуците по јачина;<br>- да локализира извор на звук;<br>- да посега и да се движи кон изворот на звук;<br>- да препознава со допир различни геометриски тела и да | - Вежби за визуелна стимулација<br><br>- Вежби за визиомоторна контрола<br><br>-Вежби за усовршување на сетилото за слух<br><br>- Вежби за разликување на различни шумови, звуци и гласови<br><br>- Вежби за развивање на аудитивно-моторната координација<br><br>- Вежби за одредување на локацијата на изворотна звукот | - Основни бои,<br><br>- звук,<br>- шум,<br>- глас. | - Во игра набљудуваат предмети според бојата и ги именуваат;<br>- набљудуваат слики и пронаоѓаат разлики,<br>- воочуваат промени во распоредот на предметите во низа од осум;<br>-следат со поглед движење на предмет;<br>-подредуваат различни предмети (играчки, топчиња, коцки);<br>-набројуваат детали на слики и спојуваат различни форми во слика;.<br>-слушаат и препознаваат различни шумови во природата, шумови предизвикани од превиткување на хартија, листови од книга, удирање во тврди предмети;<br>- наоѓа паднати предмети;<br>- звучни ефекти, наоѓање фрлен предмети, звучна топка, дрвена коцка и др.;<br>-слушаат и препознаваат звуци на животни, природни појави и др.;<br>-имитираат гласови и говор;<br>-слушаат приказни, детски радио емисии, драматизации; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ги именува,<br>- да одредува различна температура;<br>- да реди и сортира различни ситни предмети;<br>- да ниже перли и топчиња;<br>- да подредува предмети со различна текстура;<br>- да препознава неколку цветни растенија според мирисот;<br>- да препознава и именува различни мириси;<br>- да разликува пријатни-непријатни мириси;<br>- да се ориентира во просторот според одредени мириси;<br>- да се оспособува да разликува прехрамбени продукти;<br>- да ги именува прехрамбените продукти според вкусот. | - Вежби за препознавање и репродукција на ритам<br><br>- Вежби за усовршување на тактилната перцепција<br><br>- Вежби за сензибилизација на тактилната осетливост<br><br>- Вежби за тактилно-кинестетичка осетливост<br><br>- Тактилно истражување на предметите (активен допир)<br><br>- Вежби за препознавање и именување на мириси<br><br>- Вежби за разликување и именување на вкусови | | - при прошетки препознаваат звуци од автомобил, автобус, чекори на маж, жена и др.);<br>-ги диференцираат и класифицираат звуците според јачината, го одредуваат и се движат во правецот на звукот во игри „Пронајди го предметот" и др;<br>-именуваат детски музички инструменти-одредуваат дали звукот е стационарен или не, ја одредуваат оддалеченоста на звукот;<br>-игри за препознавање на предмети скриени во торба, игри со групирање на предмети (тврди, меки, мазни, рапави, топли, студени, тапи, остри, испакнати, со вдлабнатини);<br>-вежби со нижење мониста;<br>- перципирање и опишување облици на животни (модели направени од гума, филц, дрво, пластика и др.);<br>- перципираат и составуваат едноставни шаблони на фигури во калапи со одредени форми: геометриски слики, облици на плодови и домашни животни, составување на коцки, кукли и др.;<br>- вежби за разликување на различни видови подлога (теписон, трева, песок и др.) и ги препознава нивните својства со помош на стопалото;<br>- прошетки низ цветни градини, цвеќара, кујна, пекара, разликување и препознавање на различни мириси (трева, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | лисја, дрвја, козметички средства);<br>- се движи во правец на одреден мирис;<br>- вкусува различни прехрамбени продукти и го именува вкусот: благо, солено, кисело, горчливо, луто и сл. |

| ТЕМА 2: ОРИЕНТАЦИЈА ВО МИКРО И МАКРО ПРОСТОР | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се запознае со просторот (училница, спортска сала);<br>- да одредува латерализација на сопственото тело и во однос на другите лица;<br>- да одредува стојна точка во училницата и другите простории;<br>- да определува поставеност на предметите во просторот според стојните точки ;<br>- да се ориентира и движи во работниот простор и просторот за престој;<br>- да се ориентира во останатите простории од училишната зграда | - Запознавање со просторот (училница, спортска сала)<br><br>- Вежби за латерализација во просторот<br><br>- Вежби за поставување на стојна точка во училницата<br><br>- Вежби за ориентација во другите простории во училиштето<br><br>- Вежби за ориентирање во работната просторија | Училница,<br><br>лево-десно,<br>горе-долу,<br>напред-назад, | - Се запознаваат со училницата и одредуваат лево-десно, напред – назад, горе-долу во просторот;<br>- вежбаат одредување и поставување на стојна точка во училницата;<br>-се запознаваат со начинот на одредување („водење” и „следење”) на лево- десно, горе-долу, напред-назад на предметите и работите во просторот на работната соба и другите простории според одредени стојни точки;<br>-самостојно и сигурно се движат во другите простории (тоалет, трпезарија и сл.);<br>-вежби за ориентирање: предметите на клупата, дидактичките средства, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| во кои престојува.<br>- да се оспособува без страв да се движи во просторот;<br>- да се ориентира на работната маса (клупа), шкафче, полица и др.<br>- да се ориентира на дидактички средства, средства за цртање и моделирање;<br>- да се ориентира на лист, тетратка, книга, Брајова машина;<br>- да се ориентира во перципирање цртежи, рељефни слики, модели, макети и др. | - Вежби за ориентирање и движење во останатите простории од училишната зграда<br><br>- Вежби за ориентирање на работната маса (клупа), шкафче, полица и др. | горен /долен лев агол,<br>горен /долен десен агол. | средствата за цртање и моделирање и др.;<br>-вежби за ориентирање на работната маса, шкафче, полица, се ориентира на лист, тетратка, книга, Брајова машина;<br>- вежби за ориентирање при перципирање на цртежи, рељефни слики, модели, макети и др. |

| ТЕМА 3: ТЕХНИКА ЗА ЗАШТИТА НА ТЕЛОТО ПРИ ДВИЖЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги поставува рацете во правилна положба;<br>- да се поттикнува правилно да ги движи рацете по маса;<br>- да се оспособува да ги поставува рацете во средна линија. | - Вежби за движење на рацете по училиштна клупа<br><br>- Вежби за правилен став и движење на телото и горните екстремитети при заштита на долниот дел од телото | | - Вежби за поставување на рацете во правилна положба на училиштната клупа;<br>- вежби за правилен став и држење на телото и горните екстремитети во заштитна положба;<br>- вежби за правилен став и држење на телото и горните екстремитети во заштитна положба. |

## ТЕМА 4: ТЕХНИКА ЗА ПРОНАОЃАЊЕ НА ИСПУШТЕН ПРЕДМЕТ

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се оспособува за движење на своето тело во целина во просторот;<br>- да ги јакне големите мускулни групи на трупот;<br>- да се оспособува за естетско и елегантно држење на телото и делови од него;<br>- да се оспособува да го одржува здравјето и компактноста на локомоторниот апарат;<br>- да се оспособува да се движи во одреден правец;<br>- да ја развива рамнотежата, перцептивните и вестибуларните способности. | - Запознавање со гимнастички справи (ниски: разбој, греда, рипстоли и др.) со: качување, висење и слегување<br><br>- Тркалање по надолжна оска на телото на душек<br><br>-„Клацкалица” на стомак и на грб<br><br>- Одење по линии - стесната површина<br><br>- Одење и лазење по ниска греда<br><br>- Наскокнување и прескокнувања преку низок шведски сандак<br><br>- Влечење и надвлекување, туркање | - Гимнастичко одење,<br><br>- тркалање,<br><br>-клацкалица,<br><br>- рипстоли,<br><br>- ниска греда,<br><br>- низок разбој,<br><br>- низок шведски сандак. | - Учениците вежбаат правилно фаќање за справа (при што наставникот се грижи за безбедноста и заштитата при изведувањето на гимнастичките основни елементи);<br>- елементарни и штафетни игри составени со совладани елементи;<br>- игри со надвлекување или влечење, туркање на предмети и сл. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализација на програмата за ориентација и мобилност се поаѓа од развојните можности, способности и интереси на учениците со оштетен вид.

Програмата по ориентација и мобилност широк спектар на активности: задолжителни, во кои се природните движења, активности за развивање на сензомоторните способности важни за осознавање на предметите и појавите, активности со кои се мотивираат децата со оштетен вид да го надминат стравот од движење во просторот и да го истражуваат со развивање на компензаторските способности. Предметот ориентација и мобилност во е во корелација со останатите наставни предмети и е неопходен предуслов за успешно усвојување на содржините од останатите предмети.

***Важно е*** наставникот на првите часови да направи проценка на способностите на децата со оштетен вид: развиена моторика, правилно држење на телото, латерализација на телото во однос на себеси и во однос на другите, користење на остатоците на видот. Наставникот треба да им даде јасно и прецизно објаснување на учениците и да ги покаже движењата на секој ученик. При објаснувањето на поставеноста на предметите во училницата, наставникот се поставува во почетниот став од кој што треба да се почне вежбата и ги изведува сите движења, објаснувајши ги и овозможувајќи им на децата да ги „видат" т.е. да ги допираат.

Многу е битно на самиот почеток на учебната година наставникот да направи снимање на психофизичкиот, емоционалниот и социјалниот статус на секој ученик со цел да подготви планирање имајќи ги предвид наставните теми и поставените цели во корелација со условите за работа во училиштето, со почитување на индивидуалните интереси и психомоторни способности на учениците. Наставникот посебно внимание треба да обрне на деца со неразвиени движења како и на децата со стереотипни моторни движења (маниризми, блиндизми, ротацизми).

Кај децата со оштетен вид на оваа возраст многу важно е да се предизвика интерес за движење и истражување на просторот бидејќи нивните навики за движење се непостојани. За да се зацврстат потребно е постојано да се поттикнува интересот за вежбите кои се работат. Формирањето на навиките кај децата со оштетен вид за физичките активности го потпомага формирањето на потрајни навики за движење.

Вежбите за ориентација и мобилност во просторот треба да се изведуваат преку игра со музика, бидејќи тоа им помага на децата во хармонизација и складност на движењата според ритамот на музиката. Игрите со звучната топка „триангла" и ѕвонче ги помагаат формирањето на начините за ориентација во просторот својствени на слепите деца.

Непознатите движења кај децата со оштетен вид можат да предизвикаат неодлучност, па дури и страв и одбивање. Затоа пред да се дадат на децата нови упатства како да ги изведуваат новите движења, треба наставникот претходно да ги спореди со движења кои децата ги знаат и да ги запознаат со реквизитите (ако движењата се изведуваат со нив). На пр., за

подготовка за движење по греда потребно е во почетокот децата да одат по подот околу легнато јаже, по тесна патека, а потоа по греда.

Стимулирањето треба да се прави на афирмативен начин, при што се вреднуваат поединечните постигања на секој ученик како негов личен успех. Секој ученик се поттикнува да постигне најмногу што може, а не да се следи однапред утврден стандард. Целта на наставата по ориентација и мобилност е да се обезбеди атмосфера на релаксација.

Наставните теми треба да се реализираат и во соработка со родителите кои што треба да се поставаат во улогата на децата со оштетен вид и да ги применуваат стекнатите движења на активностите во секојдневниот живот на децата со оштетен вид.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Според поставените цели на наставната програма по ориентација и мобилност наставникот спроведува описно оценување (дијагностичко, формативно, микросумативно и сумативно).

За постигањата на учениците се води дневник за сите наведени компоненти од кои се извлекува оценката на ученикот. Оценката е описна, во неа се воведуваат елементите кои се поставени со целта на наставната програма по физичко и здравствено образование.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

За реализација на наставната програма по ориентација и мобилност во просторот потребна е училница, спортска сала, други простории во училиштето и отворени терени во непосредната околина. Нивниот број и големина се регулирани со Нормативот за наставен простор и наставни средства и помагала донесен од министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја реализира лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефетолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗРАБОТИ СТРУЧНИОТ ТИМ

1. Марија Симонова, советник, Биро за развој на образованието - Скопје
2. м-р Елизабет Солтирова, директор, ОУ "Владо Тасевски" - Скопје

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по ориентација и мобилност за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1960/8
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука

Скопје ----------------------------------------